# Предизвици во сметководствената професија во Р.С. Македонија

Проф. д-р Благица Колева

Почитуван проректор, почитуван декан и продекани, почитувани претставници на државни органи и институции во Р.С. Македонија, почитувани претставници од сметководствени бироа, професори и студенти, како раководител на катедрата за сметководство и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, сакам да ви се заблагодарам што одлучивте да бидете дел од овој настан за одбележување на Меѓународниот ден на сметководството, со наслов Перспективи и предизвици на сметководствената професија во Р.С.Македонија.

Денес, 10 ноември, во светот се одбележува Меѓународниот ден на сметководството како професија, за да им се одаде признание на сметководителите кои имаат работа полна со предизвици, работа на која малку луѓе се подготвени да се посветат.

Во Република Северна Македонија, овој ден за прв пат беше прославен во 1972 година како "Ден на сметководствената кариера", за да се промовира сметководствената професија, а од 1976 година продолжи да се одбележува како "Ден на сметководството".

Сметководителите се клучна алка во основањето и одржувањето на секој успешен бизнис и се од непроценлива важност за развојот на секоја економија, за ефикасно функционирање на пазарите на капитал и за интернационализација на работењето на компаниите. Комплексните деловни структури имаат потреба од професионални сметководители, способни и подготвени да се справат со секојдневните предизвици поврзани со сметководствената евиденција, се со цел да ја подобрат транспарентноста, објективноста и веродостојноста на финансиското известување, кои се императив за ефикасно деловно одлучување.

За регулирање на професијата сметководител кај нас, во 2012 година е донесен Законот за вршење сметководствени работи, со кој се очекуваше да се стави ред во професијата и истата да се издигне на пиедесталот кој го заслужува. Во текот на годините што следуваа се направија неколку измени и дополнувања на истиот во функција на допрецизирање на законските одредби, за да во август 2022 година се донесе нов Закон за вршење на сметководсвени работи, со кој се уредуваат условите за вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители, основањето и надлежностите на Советот за унапредување и надзор на сметководствената

професија, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето на сметководствени работи.

Законот за вршење сметководствени работи создава уникатна можност за унапредување на професијата сметководител, како професија на иднината.

Сметководството е професија која постојано се менува. Со цел унапредување и подигнување на позицијата на сметководствената професија во нашата држава, потребно е спроведување низа на активности во насока на подобар квалитет на сметководствените услуги, подобрување на контролата на компаниите кои вршат сметководствена дејност и на сметководителите поединци, обезбедување на права и заштита од нелојална конкуренција, правично вреднување на трудот и континуирано унапредување на процесот на професионално усовршување, бидејќи само со подобрување на квалитетот сметководствената професија може да го зазема местото кое и припаѓа како најважна алка меѓу државата и стопанството.

Сметководствената професија е една од професиите во нашата држава, каде жените не заостануваат зад мажите. Тие се независни, самостојни, успешни и сигурни. Последните истражувања велат дека жените доминираат во однос на мажите, и истите се интензивно вклучени со повеќе од 90 %, што кажува дека се работи за професија која не познава стереотипи и предрасуди во однос на учеството на жените.

Имајќи во предвид дека бројот на професионални сметководители во Република Северна Македонија се намалува во последните години, како и атрактивноста на сметководствената професија, неминовно се наметнува потребата од едуцирање на млади кадри кои ќе го прифатат предизвикот да бидат професионални сметководители. Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ја препозна оваа потреба и во таа насока има акредитирани студиски програми Сметководство и ревизија, на прв и втор циклус на студии, на кои студентите се подготвуваат да бидат професионални сметководители, ревизори, даночни експерти, финансиски аналитичари или финансиски директори, испитувачи на измами. И навистина, сведоци сме на многу млади луѓе кои им се спротиставуваат на сите стереотипи, со цел да уживаат во она што вистински сакаат да го работат. Токму тие се вистински синоним за успешни сметководители кои уживаат во задоволството да се биде „сам свој шеф“.

Почитувани студенти, идни сметководители и ревизори, бидете храбри и непрестајно барајте можности за реализирање на вашите идеи, имајте самодоверба на патот кон постигнување на вашите цели и искористете ги вашите таленти за изградба на подобро општество, имајќи ги во предвид основните предуслови за успехот: имањето визија, знаењето, напорната работа, организацијата, флексибилноста, искористувањето на моментот и постојаното

адаптирање на промените. А на тој пат до успехот, секогаш кога ќе се соочите со неуспех, прифатетете го тоа како цена која морате да ја платите за да станете помудри и посилни, за да научите како подобро да работите и да станете препознатливи.

Професијата сметководител може да ви помогне да развиете вредни вештини, како што се: финансиско знаење, посветување внимание на деталите, комуникација, управување со времето, професионализам и доверливост. Сметководителите се многу важни за развојот на секоја компанија и несомнено, позади секој добар бизнис стои добро сметководство.

На крајот, ќе упатам една мотивациска порака: негувајте ги оптимизмот, истрајноста, упорноста, бидете посветени и фокусирани на вашето образование кое води кон крајната цел – успехот. Бидете одговорни, затоа што одговорноста е вредност и карактеристика на добрите, чесни, способни и квалитетни луѓе.

Среќен меѓународен ден на сметководителите!